РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-334/5
28.03.2024 год.

**ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА**

**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА СО НАМЕНА Е1.13 ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НА ГП 9.4 ОД УПВНМ ЌОЛИЈА ЗА МУЛТИФУНКЦИОНАЛНАТА ЗОНА - ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА, БЛОК 9, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**(Одлука на Совет на Општина Петровец бр. 07-882/5 од 30.03.2011)**

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на **Друштво за проектирање, инженеринг и услуги АРХИТЕКТОР ДООЕЛ Скопје,** во Општина Петровец поднесено под арх. бр. 09-334 од Јануари 2024г., за одобрување на Урбанистички проект, врз основа на член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23), го издава следното:

**РЕШЕНИЕ**

Се одобрува **Урбанистички проект со план за парцелација со намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични електрани на ГП 9.4 Од УПВНМ Ќолија за Мултифункционалната Зона - Измени и дополнувања, Блок 9, Општина Петровец, (Одлука на Совет на Општина Петровец бр. 07-882/5 од 30.03.2011)**, со технички број **05-04/2022** од 02.2024 год. изработен од Друштво за проектирање, инженеринг и услуги АРХИТЕКТОР ДООЕЛ Скопје.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот Друштво за проектирање, инженеринг и услуги АРХИТЕКТОР ДООЕЛ Скопје, поднесе барање за одобрување на Урбанистички проект со план за парцелација со намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични електрани на ГП 9.4 Од УПВНМ Ќолија за Мултифункционалната Зона - Измени и дополнувања, Блок 9, Општина Петровец, (Одлука на Совет на Општина Петровец бр. 07-882/5 од 30.03.2011), со технички број 05-04/2022 од 02.2024 год.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)
2. Имотни листови – доказ за право на сопственост
3. Извод од урбанистички план
4.Геодетски елаборат
5.Полномошно
6.Податоци информации и мислења од релевантни институции
7.Ревидиран Урбанистички проект (pdf.dwg).

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со Решение бр. 08-865/1 од 10.04.2023 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистичкиот проект со план за парцелација со тех.бр. 05-04/2022 може да се одобри. Истото го потврди со мислење од комисија со бр. 09-334/3 од 14.02.2024 година.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА**

Донесена е Одлука за донесување и усвојување на Урбанистички проект со план за парцелација со намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични електрани на ГП 9.4 Од УПВНМ Ќојлија за Мултифункционалната Зона - Измени и дополнувања, Блок 9, Општина Петровец, (Одлука на Совет на Општина Петровец бр. 07-882/5 од 30.03.2011) од Советот на Општина Петровец со арх. бр. 07-750/11 од 13.03.2024г.

Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Градоначалник**
**Борче Митевски**